РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-285/2
13-02-2019 201 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 став 1 алинеја 19 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.60/06, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15, 197/17 и 83/18) и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за платите на судиите ("Службен весник на РМ" бр. 248/18) Судскиот совет на Република Македонија на ден 13.02.2019 донесе

# ПРАВИЛНИК
## за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судиите во Република Македонија

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат додатоците на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судиите во Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови.

**Член 2**

Судијата има право на додаток на плата за:
-посебни услови за работа,
-постоење на висок ризик и
-доверливост.

**Член 3**

Судиите во извршување на судиската функција одлучуваат во постапка пропишана со закон: за правата на човекот и граѓанинот и правно заснованите интереси, за споровите меѓу граѓаните и другите правни субјекти, за кривични дела и прекршоци и ги штитат слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти.

**Член 4**

Посебните услови за работа од член 2 алинеја 1 од овој Правилник произлегуваат од дејствијата на правораздавање од членот 3 од овој Правилник и се однесуваат на:

- чувањето на угледот на судијата и судот, што се утврдува од начинот на водењето на постапката, комуникацијата со странките и другите органи, чувањето на независноста, непристрасноста, доверливоста, и однесувањето кон работата и надвор од неа;

-односот кон работата, при вршење на судиската функција во предмети кога е засегнат јавниот интерес;

-континуирана обука, унапредување и стручно усовршување на судиите во насока на обезбедување на независност на судството, доверба на јавноста во судството и професионалност на судиите;

-обезбедување единство во примена на законите и воедначување на судската практика (изработка на реферати по конкретни правни прашања, билтени, збирки на судски одлуки, сентенци и слично);

-организирање и учество со свои презентации на теми од областа на судството на домашни, регионални и меѓународни конференции;

-учество во работни тела за спроведување на реформите во судството, изработка на закони и подзаконски акти;

-други активности кои претставуваат вонредно професионално ангажирање на судијата;

-ефикасно управување и распределување на судските предмети; и

-просторните и материјално-технички услови за работа.

**Член 5**

Постоење на висок ризик од член 2 алинеја 2 од овој Правилник произлегува од вршењето на судиската функција во услови на:

-закани по безбедноста на животот, физичкиот и моралниот интегритет на судијата, неговото семејство како и на имотот; и

-работа под стрес.

**Член 6**

Доверливоста од член 2 алинеја 3 од овој Правилник е должност на судијата да ја чува од неовластено откривање класифицираната информација со соодветни степен на тајност утврдена согласно со закон, прибавена од други државни органи или правни лица.

Судијата е должен да ги штити личните податоци како основни слободи и права на граѓаните –учесници во судските постапки, а особено правата на приватност.

Во услови кога со закон јавноста е исклучена во постапката, судијата е должен да ги чува како тајна сознанијата и фактите утврдени во постапката.

**Член 7**

Висината на додатоците на плата на претседателите на судовите и судиите се утврдува во процентуален износ од основната плата на судијата за:

-посебни услови за работа во висина до 10%

-постоење на висок ризик во висина до 10% и

-доверливост во висина до 15%.

Вкупниот износ на обезбедени финансиски средства за исплата на додатоците од став 1 на овој член го определува Судскиот буџетски совет за секој месец со посебна одлука во рамките на расположливиот буџет на судската власт.

**Член 8**

По донесена одлука од Судскиот буџетски совет за обезбедени финансиски средства, претседателот на судот најдоцна до средината на месецот може да донесе решение за исплата на додаток односно додатоци од членот 2 од овој Правилник на судија од судот за претходниот месец.

Решението треба да содржи образложение за исполнетоста на условите за утврдување на правото на додаток по критериумите предвидени во членот 4, 5 и 6 од овој Правилник.

**Член 9**

Против решението на претседателот на судот од членот 8 став 1 од овој Правилник, судијата има право на приговор до Судскиот совет на Република Македонија во рок од осум дена од приемот на истото.

Доколку претседателот на судот не го донесе решението од членот 8 став 1 од овој Правилник, судијата кој смета дека ги исполнува условите за утврдување на правото на додаток на плата има право да поднесе приговор до Судскиот совет на Република Македонија најдоцна до истекот на месецот во кој претседателот на судот требало да донесе решение.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со денот на добивање согласност од Министерот за финансии, а ќе започне да се применува од 1 март 2019 година.

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот бр.01-495/1 од 28.03.2017 година.

**Судски совет**
**на Република Македонија**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**